**20182294221**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 99-б став (1) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија” бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17 и 83/18), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 11.12.2018 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ДОПОЛНИТЕЛНА ПОМОШ ЗА ИСПЛАТА НА ЗАГУБИ ПРЕДИЗВИКАНИ ОД ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ И НЕПОВОЛНИ КЛИМАТСКИ НАСТАНИ

Член 1

Со оваа одлука се утврдува дополнителна помош за исплата на загуби предизвикани од природни непогоди и неповолни климатски настани на лица кои не се корисници на средства согласно член 14 од Законот за земјоделство и рурален развој.

Член 2

Дополнителната помош од членот 1 на оваа одлука се исплаќа во висина од 20% од утврдената загуба на приходи од продажба на земјоделски растенија и животни на земјоделски имот и штети на стакленици и пластеници.

Загубата од ставот 1 на овој член се утврдува согласно Уредбата за начинот на утврдување на неповолниот климатски настан, настанатата штета, пресметувањето на загубата на приходот, пресметката на штетата, постапката за исплатата на помошта.

Член 3

Дополнителната помош од членот 2 на оваа одлука се исплаќа согласно мерка 8-б предвидена во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2018 година.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-10672/2 | Претседател на Владата |
| 11 декември 2018 година | на Република Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |